2025

# ОСТАНУВАМ ОВДЕ

2025

Наслов на оригиналот
Marco Balzano
*Resto qui*

Copyright © 2018 Marco Balzano
Originally published as Resto qui in Italy in 2018 by Giulio Einaudi editore.
This edition is published in agreement with Piergiorgio Nicolazzini Literary Agency (PNLA).

македонско издание: © Муза, Скопје, 2025

Ниту еден дел од оваа книга не смее да биде препечатуван, умножуван или објавуван во која било форма или на кој било начин во печатените и во електронските медиуми без посебна дозвола од издавачот.

CENTRO
PER IL LIBRO
E LA LETTURA

Quest'opera è stata tradotta con il contributo del Centro per il libro e la lettura del Ministero della Cultura Italiano

Преводот на оваа книга е објавен со поддршка од Книжевниот центар при Министерството за култура на Италија.

Оваа книга е издадена со финансиска поддршка од Министерството за култура и туризам на РС Македонија

# ОСТАНУВАМ ОВДЕ

Марко Балцано

Превод од италијански
Весна Коцева

Муза

**Уредник:**
Даница Станојоска

**Лектор:**
Игор Станојоски

**Графичко уредување:**
Дизајн и принт солушн студио „Мавроски“

**Издава:**
Издавачка куќа Муза
Ул. Радишанска 21/1-32, 1000 Скопје
ЕДБ: 4058019532235

**Печати:**
Печатница Графоден
Ул. „Горно Лисиче“ 69, Скопје

**Тираж**
500

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.131.1-31

БАЛЦАНО, Марко
Останувам овде / Марко Балцано ; превод од италијански Весна Коцева.
- Скопје : Муза, 2025. - 188 стр. ; 20 см

Превод на делото: Resto qui / Marco Balzano

ISBN 978-608-4906-48-3

COBISS.MK-ID 65440773

Марко Балцано

# ОСТАНУВАМ ОВДЕ

# ПРВ ДЕЛ
# ГОДИНИ

# ПРВА ГЛАВА

Ништо не знаеш за мене, а всушност знаеш многу, бидејќи си моја ќерка. Мирисот на кожата, топлината на здивот, напнатите нерви, од мене ти се. Поради тоа, ќе зборувам со тебе како со некој што ме видел однатре.

Би можела да те опишам во најситни детали. Всушност, утрата кога има натрупано многу снег и куќата е обвиена во тишина што го одзема здивот, ми паѓаат на памет нови детали. Пред некоја седмица се сетив на една мала бенка што ја имаше на рамото и што ми ја покажуваше секојпат кога те бањав во коритото. Беше опседната со неа. Или, пак, онаа кадра зад увото, единствената во твојата коса со боја на мед.

Малкуте фотографии што ги чувам, внимателно ги вадам, бидејќи со текот на времето лесно навираат солзи во очите. А јас мразам да плачам. Мразам да плачам бидејќи плачењето е за будали и не ме утешува. Само ме исцрпува, и немам повеќе волја да голтнам ниту едно залче или да си ја облечам ноќницата пред да си легнам. Напротив, човек треба да се грижи за себе, да ги стегне тупаниците дури и кога кожата на рацете е покриена со старечки пеги. Да се бори, без оглед на сѐ. Токму тоа ме научи твојот татко.

Сиве овие години постојано си замислував дека сум добра мајка. Сигурна, прекрасна, мила... атрибути кои и не ми прилегаат баш. Во селото уште ме викаат госпоѓо учителке, но ме поздравуваат оддалеку. Знаат дека не сум дружељубива. Понекогаш ќе се сетам на играта што им ја давав на учениците во прво одделение. „Нацртајте го животното

кое најмногу личи на вас!“ Сега би нацртала желка со главата скриена во оклопот.

Сакам да си замислувам дека не би била наметлива мајка. Не би те прашувала, како што секогаш правеше мајка ми, кое ти е ова или она момче, дали те интересира или дали сакаш да му бидеш девојка. Но, можеби ова е уште една од приказните кои сама си ги раскажувам, а кога би те имала крај себе, би те опсипала со прашања гледајќи те попреку секојпат кога би го избегнала одговорот. Колку повеќе човек старее толку помалку смета дека е подобар од своите родители. Ако сега направам споредба, јасно е дека не сум во предност. Твојата баба беше кавгаџика и строга, за сè имаше јасен став, лесно разликуваше што е црно, а што бело, и знаеше брзо да пресече. Јас, пак, напротив, се изгубив во сивите нијанси. Според неа, за тоа беше виновно образованието. Сметаше дека со образованите луѓе тешко се излегува накрај. Безделничари, надмени, бараат влакно во јајцето. Јас, пак, верував дека за една жена најголемото знаење се зборовите. Случки, приказни, мечти, важно беше да си жеден за зборови и цврсто да ги чуваш за денот кога животот ќе стане замрсен или празен. Верував дека зборовите можат да ме спасат.

# ВТОРА ГЛАВА

За мажите никогаш не се интересирав. Помислата дека имаат некаква врска со љубовта, ми се чинеше смешна. За мене тие беа премногу несмасни или премногу влакнести или премногу прости. Понекогаш беа и сето тоа заедно. Во овој крај сите имаа парче земја и стока, и тој мирис го носеа со себе. Мирис на штала и пот. Ако требаше да замислам да водам љубов, подобро нека биде со жена. Подобро силните јаболчници на девојка отколку боцкавата кожа на маж. А уште подобро би било да си останам сама, да не мора никому да му давам отчет. Напротив, и да се замонашам, воопшто не би ми пречело. Помислата да се изолирам од светот многу повеќе ме возбудуваше отколку помислата да создадам семејство. Но Бог отсекогаш ми претставуваше тежок поим, и кога ќе помислев на него, чувствував немир.

Единствениот што го загледав беше Ерик. В зори го гледав како поминува, со капата спуштена на челото и со цигарата настрана в уста, уште од рано. Секојпат сакав да се подадам од прозорецот и да го поздравам, но ако го отворев, на мама ќе ѝ пристудеше и сигурно ќе ми подвикнеше веднаш да го затворам.

„Трина, да не полуде?!“ ќе ми се развикаше.

Мама постојано седереше. А, и да го отворев прозорецот, што би му кажала? На седумнаесет години бев толку смотана што во најдобар случај би успеала да промрморам нешто. Па, така, останував да го гледам како се оддалечува кон шумата, додека Грау, неговото пегаво куче, го тераше стадото напред. Кога беше со кравите, Ерик се влечка-

ше толку бавно што се чинеше дека не се поместува. Тогаш ќе ја спуштев главата над книгите, сигурна дека пак ќе го видам на истото место, и кога ќе ја подигнев, тој беше како точка на крајот од улицата. Под аришите кои веќе ги нема.

Таа пролет сè почесто седев со книга в рака и молив в уста и си го замислував Ерик. Кога ја немаше мама да се вртка во моја близина, го прашував тато дали мисли дека животот на селаните е само мечтаење. Откако ќе ја ископаат бавчата, може да лутаат со стоката низ ливадите, да седнат на некоја карпа и во тишината да ја набљудуваат реката, која со векови мирно тече, студеното небо што не знаеме каде завршува.

„Сето ова го можат селаните, нели тато?“

Тато се смешкаше со лулето меѓу заби. „Оди, прашај го она момче што го загледуваш наутро од прозорецот, дали неговата работа е работа од соништата...“

Првпат разговарав со него во дворот на нашата куќа. Тато имаше столарска работилница во Резија, но и кога беше дома, се чинеше дека е на работа. Постојано имаше врволица од луѓе што доаѓаа за поправки. Кога ќе си отидеа посетителите, мама го прекоруваше дека дома никогаш нема мир. Тогаш тој, бидејќи не поднесуваше критика, ѝ одговараше дека нема потреба од прекор бидејќи секој столар работи и кога ќе понуди понекоја чашка или кога ќе помуабети, баш така и привлекува муштерии. Мама, за да ја прекине дискусијата, ќе го повлечеше за носот, кој му беше како сунѓер.

„Пак ти пораснал“, му велеше.

„А тебе ти пораснало газето!“ ѝ возвраќаше тој.

Тогаш мама ќе збеснеше: „Еве за кој се омажив, за една обична будалетинка!“ и ќе го мавнеше со крпата. Тато цинично ќе се насмееше, и ќе ја мавнеше со молив, а таа со уште една крпа, и тој повторно со друг молив. Мавањето со предмети за нив беше знак дека се сакаат.

# СОДРЖИНА

**ПРВ ДЕЛ**

**ГОДИНИ ..... 9**

ПРВА ГЛАВА ..... 11

ВТОРА ГЛАВА ..... 13

ТРЕТА ГЛАВА ..... 16

ЧЕТВРТА ГЛАВА ..... 21

ПЕТТА ГЛАВА ..... 26

ШЕСТА ГЛАВА ..... 32

СЕДМА ГЛАВА ..... 37

ОСМА ГЛАВА ..... 40

ДЕВЕТТА ГЛАВА ..... 44

ДЕСЕТТА ГЛАВА ..... 48

ЕДИНАЕСЕТТА ГЛАВА ..... 51

ДВАНАЕСЕТТА ГЛАВА ..... 54

**ВТОР ДЕЛ**

**БЕГСТВО ..... 59**

ПРВА ГЛАВА ..... 61

ВТОРА ГЛАВА ..... 64

ТРЕТА ГЛАВА ..... 69

ЧЕТВРТА ГЛАВА ..... 73

ПЕТТА ГЛАВА ..... 78

ШЕСТА ГЛАВА ..... 83

СЕДМА ГЛАВА ..... 88

ОСМА ГЛАВА ..... 93

ДЕВЕТТА ГЛАВА ..... 99

ДЕСЕТТА ГЛАВА ........ 103
ЕДИНАЕСЕТТА ГЛАВА ........ 107
ДВАНАЕСЕТТА ГЛАВА ........ 112
ТРИНАЕСЕТТА ГЛАВА ........ 115
ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ГЛАВА ........ 122
ПЕТНАЕСЕТТА ГЛАВА ........ 126

**ТРЕТ ДЕЛ**
**ВОДА ........ 129**
ПРВА ГЛАВА ........ 131
ВТОРА ГЛАВА ........ 135
ТРЕТА ГЛАВА ........ 141
ЧЕТВРТА ГЛАВА ........ 144
ПЕТТА ГЛАВА ........ 149
ШЕСТА ГЛАВА ........ 154
СЕДМА ГЛАВА ........ 160
ОСМА ГЛАВА ........ 163
ДЕВЕТТА ГЛАВА ........ 166
ДЕСЕТТА ГЛАВА ........ 170
ЕДИНАЕСЕТТА ГЛАВА ........ 175

**БЕЛЕШКА ........ 181**

**БЛАГОДАРНОСТ ........ 185**